**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Град Скопје

**ИЗГОТВУВАЧ:** Комисија за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта на Град Скопје

**ПРЕТСТАВНИК:** Даниела Адамова - Раководител на Сектор за образование

# ПРЕДЛОГ - СТРАТЕГИЈА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

**за период 2019-2024**

Скопје, октомври 2019

**Предлог**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02) и член 10 став 1 точка 6 од Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11) Советот на Град Скопје, на ------------ седница одржана на --------- 2019 година, донесе

**Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје**

## 1.Вовед

Концептот на мултикултурализмот во неговото дескриптивно значење е на широко прифатен. Да се каже дека некое општество е мултикултурно значи да се посочи на културното различје на тоа општество. Таквата употреба на коцептот е еднаква на значењето на културниот плураизам. Културниот идентитет во нашето општество базира на мултикултурниот принцип. Негова најсилна рефлексија се заложбите на нашето општество да изгради егалитарна заедница заснована на принципите на заедништво, сплотеност и взаемно почитување. Училиштето може да преземе значајна улога во континуираното надградување на овие вредности само доколку обезбеди демократска клима и услови за нивно постојано обновување и зајакнување. Тоа треба да биде поттикнувачка средина која иницира и поддржува актвности за поврзување на младите, нивната интеграција и взаемно почитвање независно од етничката, верската и друга припадност.

Реформите во образованието не опфаќаат само подобрување на академските знаења туку и учење коешто помага учениците да се подготват да живеат во мултикултурно општество и тоа е нагласено како во многу меѓународни документи (УНЕСКО, УНИЦЕФ, Совет на ЕУ), така и во официјалните документи на Владата на Република Северна Македонија и на образовните институции: Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (МОН и БРО, 2007); Индикатори за квалитетот на работата на училиштата (МОН и ДПИ, 2015); Основни професионални компетенции и стандарди за наставници, Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници и Професионални компетенции за директори на основни и средни училишта.

Оттука напорите на локаните власти и невладините организации преку разни иницијативи  и проекти да го помогнат процесот за меѓуетничка кохезија се повеќе од неопходни и суштински за иднината на младите.

Активностите кои се во насока на промоција на меѓуетничка интеграција во образованието обезбедуваат можности за непосредна интеракција на учениците со различен културен идентитет. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно. Сето ова резултира со унапредување на меѓусебните односи и развивање на соработка и заедништво. Овие активности придонесуваат и за интензивирање на неформалната комуникација меѓу учениците надвор од училиштето, што би била повисока цел на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанската вклученост.

Во Програмата за активности на Град Скопје од областа на средното образование за 2019 година, меѓуетничката интеграција е една од приоритетните цели. Град Скопје во соработка со училиштата е посветен на креирање своја политика за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на младите и планира активности според карактеристиките на самите училишта. Во рамките на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието ќе се промовира интеракцијата и социјализацијата меѓу учениците од различните заедници/наставни

јазици и во еднојазичните и во повеќејазичните училишта. Кога учениците учествуваат во заеднички активности, тие имаат можност за непосредна комуникација и меѓусебен контакт, меѓусебно запознавање и формирање интерперсонални релации, учење едни за други едни од други и за намалување на негативните стереотипи и предрасуди за другите. Во активностите за граѓанска вклученост на младите, тие ќе бидат насочувани и поддржувани да идентификуваат конкретни проблеми во училиштето и заедницата. Потоа, врз основа на нивните заеднички одлуки, младите ќе преземаат иницијативи за акции во согласност со нивните потреби и визии за промени, и на тој начин тие ќе можат активно да придонесат кон решавање на постоечките проблеми и недостатоци на ниво на училиште и заедница.

Град Скопје го прифати предизвикот интензивно да работи на унапредување на меѓуетничката кохезија во образовниот систем и да создаде услови за непречено граѓанско учество на младите во средината во која учат и живеат. Следејќи го националниот концепт за создавање „едно општество за сите“, Град Скопје иницираше бројни училишни и вонучилишни активности со кои придонесе во средните училишта да се создаде атмосфера на заедништво, сплотеност и меѓусебно разбирање.

Градоначалникот на Град Скопје формираше Комисија за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта со цел планирање, поддршка, реализација и следење на активностите за меѓуетничка кохезија и младински иницијативи во образовните институции на Град Скопје, како и изработка на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во сите фази на изработка на Стратегијата и Акцискиот план, Комисијата имаше целосна поддршка и помош од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), кој е национален имплементатор на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието.

## 1.1.

## ГЕНЕРАЛНА ЦЕЛ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ

**Создавање „едно“ училиште за сите ученици, независно од нивната етничка припадност, и поттикнување и развивање на граѓанската партиципативност на учениците од средните училишта на Град Скопје.**

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Град Скопје ќе се стреми за целосна соработка за МИО и граѓанска вклученост на младите, преку:

- формирање Комисија на Град Скопје за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;

- изработка на Акциски план на Град Скопје за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;
- обезбедување финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- активно вклучување на вработените од одделни сектори и одделенија, особено од Секторот за образование;
- соработка со тимовите за училишна интеграција од средните училишта на Град Скопје, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- соработка со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
- соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- соработка и размена на искуства со други општини;
- информирање на јавноста за активностите за МИО преку користење на содржините од веб-страницата на Градот, локални и национални електронски медиуми;
- организирање кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;
- водење процес за воспоставување на партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
- поттик и поддршка за креирање мрежа на училиштата во Град Скопје и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите.

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- формирана Комисија на Град Скопје за планирање, учество во реализацијата и следење на реализацијата на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- изработен Акциски план на Град Скопје за активности за МИО и граѓанска вклученост на младите, заснован на елементите од годишните планирања на училиштата;
- обезбедени финансиски средства, друга материјална и логистичка поддршка за училиштата во делот на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите;
- активно вклучени вработени од одделни сектори и одделенија, особено од Сектор за образование;
- реализирани активности со тимовите за училишна интеграција од средните училишта на Град Скопје, претставниците од Училишните одбори, Советите на родители и локалната заедница;
- реализирани активности со невладините организации од сферата на интеркултурното образование, меѓуетничката соработка и разни акции во заедницата;
- соработка со клучните образовни институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО);
- соработка и размена на искуства со други општини;
- транспарентна информираност на јавноста за активностите за МИО
- организирани кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од меѓуетничко интегрираното образование и граѓанската вклученост на младите во општеството;
- воспоставени партнерства меѓу училиштата за реализирање активности за меѓуетничка интеграција;
- креирана мрежа на училиштата во Град Скопје и/или во соработка со други општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка во доменот на меѓуетничка интеграција и граѓанската вклученост на младите

## 1.2. Методологија

Стратегијата е подготвена од страна на Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта на Град Скопје. Членовите на Комисијата добија менторска поддршка, преку директни посети и работилници, во период од месец април до месец септември 2019 година.

Претставниците на Град Скопје активно беа вклучени во следниве МИО обуки: Работилница за размена на искуства и креирање на концепт за стратешки документ на општината за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост; Работилница за јакнење на соработката меѓу општините, училиштата и локалната бизнис заедница за поддршка на младински иницијативи; Работилница за споделување добри практики, предизвици и научени лекции од страна на училиштата кои реализираа заеднички часови.

## ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ГРАЃАНСКА ВКЛУЧЕНОСТ

### ВИЗИЈА

**Средните училишта на Градот Скопје се современи образовни установи, отворени за потребите на младите, во кои се промовира меѓуетничка соработка, се почитуваат разликите и високо се вреднува солидарноста, а учениците се подготвуваат за живот во мултиетничко општество.**

### МИСИЈА

**Создавање современи воспитно-образовни установи со еднакви услови за образование на сите, во кои ќе се негува сопствениот национален и културен идентитет, а едновремено ќе се почитуваат различностите и ќе се промовираат вредностите на меѓуетничката интеграција.**

## 1.3.Принципи на МИО на ниво на Град Скопје

- <u>Заемна доверба и партнерство</u>

Принципот на доверба е еден од најзначајните принципи во МИО. Воспоставувањето на доверба и партнерски однос помеѓу различни етнички групи овозможува секоја од страните да биде свесна како за својата улога во процесот на меѓуетничка интеграција, така и за улогата на другата страна. Градењето на доверба и градењето на партнерски однос помеѓу Градот Скопје и средните училишта во однос на МИО, значи секоја од страните да има јасно поставени цели и истите да бидат усогласени со другата страна.

- Учество и размена на мислење

  Принцип преку кој ќе се обезбеди активно учество на секој поединец и/или правен субјект во активностите за меѓуетничка интеграција, согласно неговите можности, при што активно ќе се разменуваат мислења, знаења и искуства. Сето тоа ќе допринесе за унапредување на транспарентноста, а со тоа и на демократските процеси во општеството.

- Транспарентност

Транспарентноста означува јавно делување на поединецот, општествените групи, организациии и институции кои се карактеризираат со отвореност, односно подготвеност сработеното да го направат што подостапно за јавноста со што ќе бидат одговорни пред пошироката јавност. Градот Скопје и средните училишта ќе бидат транспарентни, односно редовно ќе информираат за состојбите, одлуките и активностите кои се преземаат во рамките на МИО.

- Одговорност

Одговорноста е принцип според кој Град Скопје, средните училишта, како и социјалните партнери имаат одговорност, согласно индивидуалните можности, за активно да се вклучат, учествуваат, функционираат и донесуваат одлуки со цел грижа, заштита и добросостојба на секој поединец во општеството, како и да градат хармонично мултиетничко, граѓанско општество.

- Еднакви можности

Овој принцип подразбира обезбедување еднакви можности и поттикнувачка средина каде секој учи, го покажува и го искористува својот потенцијал. Тој повикува на отвореност на сите активни чинители во процесот без постоење на предрасуди и стравови. Овој принцип промовира еднакви услови, можности и отворена соработка на сите вклучени страни кои се водени од општиот интерес за меѓуетничка интеграција во образованието (Градот Скопје и средните училишта).

### 1.4. Целни групи

Оваа стратегија го вклучува Градот Скопје, општините, училиштата, родителите, како и граѓанските организации, бизнис секторот и секако граѓаните на Скопје.

### 1.5. Временска рамка

Временската рамка за спроведување на Стратегијата е 5 години и таа ќе се спроведува од октомври 2019 до октомври 2024 година. Во акциониот план, како составен дел на Стратегијата, подетално се определени роковите за реализација на планираните активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

## 2. ЗАКОНСКА РАМКА И МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

### 2.1. Меѓуетничката интеграција во образованието во стратешките документи на РСМ

Република Северна Македонија е потписник на следните меѓународни документи коишто се однесуваат на човековите права, правата на детето, како и граѓанските права:

- Член 26 од Универзалната декларација за човекови права;

- Член 27 од Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Членовите 28, 29, 30 од Конвенцијата за правата на детето; Член 5 од Конвенцијата на УНЕСКО против дискриминација во образованието;
- Ставките 34 и 35 од Документот од состанокот во Копенхаген од Конференцијата за човекова димензија на ОБСЕ;
- Членовите 2 и 4 од Декларацијата на ОН за правата на лицата кои припаѓаат на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства;
- Членовите 5, 6, 12, 13, 14 и 15 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства;
- Европската повелба на Советот на Европа за регионални и малцински јазици;
- Европската повелба на Советот на Европа за социјална кохезија.

Мултиетничкиот карактер на земјата е дефиниран во Уставот на РСМ, во законите за основно и средно образование, како и во Националната стратегија за развој на образованието и Концепцијата за деветгодишно основно воспитно образование.

Мултикултурализмот и разбирањето на „другите“ е еден од четиринаесетте принципи во рамките на Концепцијата за деветгодишно основно образование. Според овој принцип учениците преку наставните содржини, методи и активности треба да стекнуваат знаења и вештини потребни за разбирање и почитување на „другите“, како и за промовирање на вредностите меѓу учениците - почитување на разликите меѓу луѓето, нивната култура, јазик и традиција.

**2.2. Образованието на заедниците согласно Уставот на РСМ**

Според Уставот секој има право на образование. Образованието е достапно за сите под еднакви услови. Основното и средното образование се задолжителни и бесплатни. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразат, негуваат и да го развиваат својот идентитет и националните карактеристики. Република Северна Македонија ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основно и средно образование, на начин утврден со закон. Во училиштата каде што наставата се изведува на јазиците на другите етнички заедници, се изучува и македонскиот јазик[1]. Уставот и законите поврзани со образованието содржат одредби со кои се промовира почитување на различните култури, толеранција и недискриминација.

**2.3.Мултиетничкиот карактер на РСМ во Законот за основно и Законот за средно образование**

Законот за основно образование забранува дискриминација врз основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус во остварување на правото за основно образование. Следното е дел од целите на основното образование: 1) развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, 2) воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права.

Законот за средно образование, исто така, не дозволува дискриминации засновани на

---

[1] Член 44 и Член 48 од Уставот на Република Северна Македонија.

пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба. Според овој закон средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон.

Во рамки на основните професионални компетенции и стандарди за наставниците, стручните соработници и директори, една од шесте компетенции е посветена на областа „Социјална и образовна инклузија", ставајќи акцент на развојот на мултиетничките надлежности.

### 2.4. Тематските насоки во Стратегијата на Град Скопје за интегрирано образование

Мерките од Стратегијата се поделени во четири тематски насоки кои се однесуваат на активности за меѓуетничка интеграција. Насоките дадени во тематските подрачја допираат прашања од: демократското владеење во училиштата во децентрализирана средина, заедничките наставни и воннаставни активности, јазичните постигнувања, како и обука за наставници за водечките концепти и принципи за надминување на поделбата по етнички и јазични линии во училиштата.

Во Министерството за образование и наука е формирана Работна група со одговорност за следење на работата на конкретните активности во училиштата за меѓуетничка интеграција. Важно е да се напомене дека една од целите на оваа работна група е и да се одбегне преклопувањето на активностите за МИО на терен.

### 2.5. Вклучени страни во процесот на образование

- *<u>Министерство за образование и наука (МОН)</u>*

Министерството за образование и наука има мисија да го развива образованието и воспитно-образовниот систем во Република Северна Македонија, да ја развива науката, научните достигнувања и иновации преку примена на принципите на квалитет, економичност, граѓанска одговорност и поврзаност со пазарот на трудот. Со примена на овие принципи ќе се овозможи и рамноправно учество на Република Северна Македонија во европските образовни економски и политички интегративни процеси. Министерството за образование и наука има визија да ги промовира вредностите и темелите на квалитетното образование и наука како клуч за подобрување на квалитетот на животот во целокупното општество. Министерството за образование и наука доделува мали грантови за сите училишта во Република Северна Македонија кои ќе аплицираат со активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

- *<u>Биро за развој на образованието (БРО)</u>*

БРО е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука, одговорно за целокупниот образовен развој, вклучувајќи ги и наставните планови и програми. Сите одлуки се носат на централно ниво, иако БРО има свои канцеларии и во поголемите градови. Од 2012 год. советниците на БРО се дел од голем број обуки поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието.

- *<u>Државен просветен инспекторат (ДПИ)</u>*

ДПИ е орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука и врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедување на квалитет на образованието, ефективност преку евалуација на работата на воспитно-образовните установи, како и примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на образованието и воспитанието. При утврдување на оценката за квалитетот на воспитно-образовниот процес, во текот на интегралната евалауција, се поаѓа од Индикаторите за квалитетот на работата во училиштата што се пропишани и донесени од страна на

Министерството за образование и наука. Индикаторите исто така се користат за вршење на увид на работата на училиштата од аспект на меѓуетничка интеграција во образованието.

- *Центар за стручно образование и обука (ЦСОО*)

ЦСОО е јавна установа во која треба да се усогласуваат и да се интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во РСМ и е центар кој ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука. Центарот врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и статутот.

- *Државен испитен центар (ДИЦ)*

Надлежностите на ДИЦ се да подготвува национална програма за екстерна евалуација на основното и средното образование согласно европските стандарди; да прибира, обработува и врши анализа на резултатите од тестирањето за проверување на постигањата на учениците во основното и во средното образование; да учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршни испити во средното образование; да изготвува тестови за екстерните испити во државната матура; и да врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта и да го спроведува испитот.

- *Училишни одбори*

Училишниот одбор е одлучувачко тело одговорно за управување со училиштето. Составот, надлежностите и задачите на училишниот одбор се определени со Законот за средно образование и статутот на училиштето. Улогата на училишниот одбор во училиштето е да донесува статут на средното училиште; предлага годишна програма за работа и извештај за работа на училиштето до Советот на Град Скопје; донесува програма за развој на училиштето; предлага финансиски план и завршна сметка и врши и други работи утврдени со статутот на средното училиште.

- *Училишно раководство (директор и стручната служба)*

Училишното раководство (директорот и стручната служба) се обучени за примена на МИО во училишните активности преку подготовка на годишните планови за работа кои вклучуваат посебен дел за заеднички ученички активности и партнерство со други училишта. На училишното раководство му е неопходен континуиран професионален развој за поголемо успешно управување со човековите и финансиските ресурси за зајакнување на нивните капацитети за подобро справување со сите обврски на професионален начин.

- *Наставници*

Наставниците од сите основни и средни училишта се обучени како да планираат и да реализираат активности за МИО во рамките на редовната настава како и во воннаставните активности со фокус на заедничките ученички активности. На наставниците и понатаму им е потребна дополнителна поддршка во применувањето на заедничките ученички активности за поттикнување и унапредување на социјализација, пријателство и заемно прифаќање меѓу учениците.

- *Родители – совет на родители*

Иако родителите можат да учествуваат во секојдневните наставни активности и да бидат партнери на наставникот и училиштето воопшто, нивната вклученост е многу мала. Согласно Законот за средно образование, родителите имаат тројца претставници назначени од советот на родители во училишниот одбор. На тој начин родителите можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуки во училиштето за предлагање на годишната програма за работа на училиштето и годишен извештај, изработка на финансиски план, донесувањена статутот на училиштето итн. Ова значи

дека вклученоста на родителите во наставните и воннаставните активноста може значајно да придонесе во унапредувањето на меѓуетничката кохезија на учениците од различни заедници/јазици и нивно вклучување во граѓански иницијативи и акции за подобрување на квалитетот на живеење во училиштето, локалната и општествената заедница.

## 3.ОБРАЗОВАНИЕТО НА НИВО НА ГРАД СКОПЈЕ

### 3.1.Децентрализација во образованието на РСМ

Град Скопје како посебна единица на локалната самоуправа е надлежен за 23 средни училишта кои се наоѓаат на неговото подрачје. Со процесот на децентрализација Градот Скопје ги презеде следниве надлежности во областа на образованието: основање, финансирање и учество со свои претставници во органите на управувањето на јавните средни училишта на подрачјето на градот Скопје. Именување директори на јавните средни училишта и на ученичките домови (во согласност со закон) и организирање превоз, исхрана и сместување на ученици во ученичките домови(во рамки на преземените надлежности во сферата на ученичкиот стандард) .

Општините треба да влијаат на зајакнување на демократското учество во промовирање на соработка помеѓу образовните институции и локалната заедница.

### 3.2. Податоци за средните училишта во Град Скопје

**Табела 1. Листа на средни училишта на Град Скопје**

| р.б. | Име на училиштето | Средно училиште | Град |
|---|---|---|---|
| 1 | СУГС„Раде Јовчевски Корчагин“ | Средно училиште | Скопје |
| 2 | СУГС„Никола Карев“ | Средно училиште | Скопје |
| 3 | СУГС„Јосип Броз Тито“ | Средно училиште | Скопје |
| 4 | СУГС„Орце Николов“ | Средно училиште | Скопје |
| 5 | СУГС„Георги Димитров“ | Средно училиште | Скопје |
| 6 | СУГС„Здравко Цветковски“ | Средно училиште | Скопје |
| 7 | СУГС„Д-р. Панче Караѓозов“ | Средно училиште | Скопје |
| 8 | СУГС„Лазар Танев“ | Средно училиште | Скопје |
| 9 | СУГС„Димитар Влахов“ | Средно училиште | Скопје |
| 10 | СУГС„Осми Септември“ | Средно училиште | Скопје |
| 11 | СУГС„Сарај“ | Средно училиште | Скопје |
| 12 | СУГС„Зеф Љуш Марку“ | Средно училиште | Скопје |
| 13 | СУГС„Шаип Јусуф“ | Средно училиште | Скопје |
| 14 | СУГС„Владо Тасевски“ | Средно училиште | Скопје |
| 15 | СУГС„Васил Антевски Дрен“ | Средно училиште | Скопје |
| 16 | СУГС„Панче Арсовски“ | Средно училиште | Скопје |
| 17 | СУГС„Михајло Пупин“ | Средно училиште | Скопје |
| 18 | СУГС„Цветан Димов“ | Средно училиште | Скопје |
| 19 | СУГС„Арсени Јовков“ | Средно училиште | Скопје |
| 20 | СУГС„Браќа Миладиновци“ | Средно училиште | Скопје |
| 21 | СУГС„Марија Кири Склодовска“ | Средно училиште | Скопје |
| 22 | СУГС„Кочо Рацин“ | Средно училиште | Скопје |
| 23 | СУГС„Боро Петрушевски“ | Средно училиште | Скопје |

**Табела 2. Број на наставници по наставен јазик**

| р.б. | Наставен јазик | Број на наставници |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 1187 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Албански | 546 |
| 3 | Турски | 30 |

**Табела 3. Број на ученици по наставен јазик во учебна 2019/2020 година**

| р.б. | Наставен јазик | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1 | Македонски | 14828 |
| 2 | Албански | 6921 |
| 3 | Турски | 301 |

### 3.3.Советот на Град Скопје

Советот на Град Скопје е основач на училиштата и тој ги донесува годишните програми и годишните извештаи на училиштата. Членовите на Светот на Град Скопје, преку соодветните комисии за образование, по правило имаат континуиран мониторинг, вклучувајќи го и периодот кога се донесуваат годишните програми и извештаи на училиштата.

Во рамките на своите надлежности, Советот на Град Скопје:

- ги именува и ги разрешува претставниците во училишните одбори,
- го разгледува и го усвојува годишниот извештај за работата на училиштето,
- ја разгледува и ја донесува годишната програма за работа на училиштето,
- го разгледува и го донесува годишниот финансов план на училиштето,
- ја разгледува и ја усвојува завршната сметка на училиштето,
- може до ДПИ да достави барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигањата на учениците.

### 3.4.Подготовка на наставниците

Во секое училиште е формиран тим за училишна интеграција (СИТ), чии членови преку различни обуки стекнаа знаења и вештини за спроведување на активностите за МИО со учениците. Стекнатите знаења и вештини, тимовите за училишна интеграција ги дисеминираа во училиштата, и со тоа сите наставници од сите средни училишта во Град Скопје се обучени да планираат и да спроведуваат активности за меѓуетничка интеграција во редовната настава и во вонннаставните активности.

## 4.АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО

**Подрачја на планирање**

### 4.1.Наставни и вонннаставни активности

- Град Скопје ќе поддржува заеднички наставни активности (заеднички часови) со ученици од различни наставни јазици според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на средните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на одржување на заедничка настава. Заедничките часови по одредени предмети со ученици од различни наставни јазици/заедници може да се одржуваат исклучиво со претходно обучување од ментори/експерти на наставниците за реализација на овој посебен вид на настава.

- Град Скопје ќе поддржува воннаставни активности според планиран обем и разновидност што ќе произлезе од донесените годишни програми на средните училишта, а ќе се однесуваат на МИО во делот на секции, екскурзии, натпревари, приредби, мултикултурни работилници, уметнички изведби активности на ученичките заедници, граѓански иницијативи и акции  и друго.

Афирмацијата на учениците и училиштата Град Скопје ќе ја реализира преку својата веб-страница, преку социјалните мрежи, на седниците на комисијата за образование, на седници на Советот на Град Скопје, преку обраќањето на градоначалникот по донесените годишни извештаи на средните училишта, на радио и ТВ канали и интернет портали.

**4.2.Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**

Град Скопје развива систем на организација на заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби на повеќејазичните и еднојазичните училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и воннаставни активности. Град Скопје ќе се грижи за подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците, особено преку вклучување на наставници, родители и постојано зголемување на бројот на ученици од мешан етнички состав во воннаставните активности.

**4.3. Размена на искуства и информации при планирање**

Град Скопје ќе организира заеднички средби на стручните активи од средните училишта со цел да се разменат искуства и да се споделат информации при планирањето на заеднички наставни и воннаставни активности – интегрирани активности. Посебен акцент се дава на организирањето на заеднички часови, заеднички секции, екскурзии и приредби. Град Скопје ќе поддржи консултативни и организациски средби со ментори/експерти за планирање на наставата, активности за МИО и сл.

**4.4.Утврдување на образовните потреби на учениците**

Град Скопје ќе поддржи активности за обезбедување посебна поддршка на учениците коишто изучуваат различен јазик од мајчиниот преку организирани посети на курсеви за јазик, користење интерактивни техники – компјутерски курсеви, ликовни изложби, разни заеднички настани и меѓусебно дружење во текот на наставата и надвор од редовната настава.

**4.5.Поддршка и промовирање на меѓуетнички активности**

**Логистичка и финансиска поддршка за МИО активности**

Град Скопје ќе обезбеди логистичка и финансиска поддршка за реализација на следниве училишни МИО активности:
- Организирање младинска отворена дебата на ниво на средни училишта на Град Скопје
- Презентација за најдобри практики за МИО
- Денови на интеркултура (ликовни колонии, изложба на фотографии, музички настани, поетски читања, хуманитарни акции, спортски турнири, креативни работилници)
- Зборувам на јазикот на мојот другар (курсеви за изучување на јазикот на “другиот“ наменети за ученици и наставници)
- Покренување на младински иницијативи од страна на училишната  заедница

- Мултикултурни и интеркултурни работилници, работилници за демократска партиципација, човекови права, права на детето, мировно образование.
- Планирање и реализација на заеднички наставни часови во редовна настава.

**4.6**. Унапредување на видливоста (промоција на меѓуетнички активности)

Со цел да се унапреди видливоста на МИО активностите кои се реализираат од страна на Град Скопје и на средните училишта, ќе се преземат следниве активности:

-медиумска покриеност на позитивните практики од МИО
-изготвување посебен профил на социјалната мрежа фејсбук од страна на Комисијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта на Град Скопје каде редовно ќе се ажурираат информации за реализирани МИО активности
-промоција на ативностите од МИО на јавни настани и манифестации
-вклучување на бизнис заедницата за поддршка на младински иницијативи и акции
-организирање на заеднички активности со НВО
-редовно објавување на резултатите од реализираните училишни и вонучилишни проекти, активности и настани во рамките на МИО на веб страниците на училиштата и на веб страницата на Град Скопје
- поголемо вклучување на родителите во промовирање на активностите на МИО
-продукција на мултимедијални интернет содржини

**4.7**.Евалуација

- Комисијата на Град Скопје за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта со помош на Планот за мерење на постигнувањата ќе ја евалуира реализацијата на Акцискиот план на Стратегијата.

## 5.УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО (правата на децата, еднаков и правичен третман на сите ученици, прифаќање и промовирање на мултикултурализмот)

Град Скопје ќе поддржува активности – работилници, средби, предавања и меѓуучилишна соработка за запознавање на родителите и наставниците за почитување на правата на децата согласно Конвенцијата за правата на децата. Град Скопје ќе ги следи механизмите со кои ќе се обезбеди промоција на еднаквоста и правичноста кон децата без разлика на полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите.

Град Скопје ќе се грижи училиштата да планираат и да реализираат активности со кои учениците ќе се поттикнуваат на активно слушање, искажување на своето мислење и прифаќање на мислењето на другите во групата, демократско учество во училиштата и на ниво на заедницата, итн.

Град Скопје ќе се грижи училиштата да водат политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, нивно заемно прифаќање и потпирање. Град Скопје ќе поддржи активности во кои што учениците од различните етнички/јазични заедници учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Северна Македонија.

## 6.СОРАБОТКА НА ГРАД СКОПЈЕ СО УЧИЛИШТАТА И МЕЃУУЧИЛИШНАТА СОРАБОТКА

Со цел да се поттикнуваат, поддржуваат и унапредуваат активностите за МИО и граѓанско вклучување на младите со иницијативи и во акции во заедницата, како и да се одржува и унапредува соработката на Град Скопје со училиштата за зајакнување на

МИО на ниво на локалната заедница, активности што ги спроведува Град Скопје се следни:

- учество на обуки, работилници и состаноци со застапени теми и активности за МИО;
- изработка на акционен план на Град Скопје за МИО којшто се проследува на усвојување од страна на Советот на Град Скопје;
- насочување, следење, координирање и поддршка на училиштата за спроведување на активностите за МИО;
- обезбедување соодветни ресурси на училиштата за спроведување на активности за МИО;
- организирање настани за промовирање на МИО на ниво на Град Скопје и вклучување на медиумите за информирање на јавноста;
- поддршка и учество во организирање на кампањи, дебати и тркалезни маси за подигнување на свесноста на населението за придобивките од МИО;
- објавување успешни приказни за МИО на градската веб-страница;
- водење на процесот за партнерство меѓу училиштата за МИО;
- поддршка и поттик во креирање мрежа на училиштата во Град Скопје и меѓу различни општини за реализирање на меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка за МИО;
- соработка со образовните институции (МОН, БРО, ДПИ и ЦСОО), невладини организации и со други општини.

Во Град Скопје се формира Комисија за унапредување на меѓуетничката интеграција во средните училишта и граѓанска вклученост на младите која одржува редовна комуникација и соработка со тимовите за училишна интеграција (СИТовите). Комисијата за МИО треба да бара од тимот за училишна интеграција во секое училиште да:

- испраќа глобален акционен план и детални акциони планови за активности за МИО;
- известува редовно за датумите за активностите на МИО во училиштето (од 5 до 10 дена пред активноста);
- информира редовно за постигањата и евентуалните пречки, проблеми и предизвици во реализацијата на активностите за МИО во училиштето.

## 7.ПОДДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МИО НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Со цел да се поддржат училиштата во натамошното подобрување на активностите за МИО на ниво на Град Скопје како и да се согледа нивото на постигнатост на МИО и потребата од организирање натамошна поддршка и помош од Град Скопје за училиштата, Комисијата за МИО организира состаноци со координаторите на тимовите за училишна интеграција во текот на месец август за: известување за постигањата во МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата во текот на претходната учебна година; разгледување на можностите за унапредување на активностите за МИО и граѓанската вклученост на младите во училиштата и Град Скопје; планирање на активности за МИО и граѓанска вклученост на младите во наредната учебна година и внесување на истите во годишните програми за работа на училиштата за наредната учебна година. За таа цел Град Скопје ќе подготвува годишен акциски план.

## 8.АКЦИСКИ ПЛАН

Составен дел на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост на Град Скопје е и петгодишниот Акцискиот план доставен во прилог како табела на планирани активности.

**Завршна одредба**

Оваа Стратегија влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на официјалната веб страна на Град Скопје.

Број--------------

----------------2019 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф. Д-р Љубица Јанчева

**Листа на кратенки**

БРО – Биро за развој на образованието
ДПИ – Државен просветен инспекторат
ЕУ – Европска Унија
ИКРУ – Индикатори за квалитетот на работата на училиштето
МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието
МОН – Министерство за образование и наука
НВО – Невладина организација
СР – Совет на родители
РМ – Република Северна Македонија
ЦСОО – Центар за стручно образование и обука
УО – Училиштен одбор